Архивски знак: 02.04
Рок на чување: Трајно
28.04.2026 година
Потпис.

Архивски број: 02-131/3

Датум : 28.04.2026

ЈАВЕН ПОВИК

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола врз основа на член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и Решение за формирање Комисија бр.02-131/2 од 27.04.2026 година за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, **објавува Јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари** кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола.

Избраното правно лице на Јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари предмет на Јавниот повик од наведената локација и истите да ги селектира и транспортира како отпад на соодветен начин, согласно законските прописи.

Движните ствари се наоѓаат во просториите на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ул. „Младински Бригади„ бр. 2 Битола.

Право на учество на Јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање преработка, рециклирање и уништување на отпад, издадена од надлежен орган. На повикот може да се јават и повеќе фирми со дозволи кои заедно ќе дадат понуда, со здружување на лиценците.

Лице за контакт во врска со Јавниот повик: Медиа Мусли, телефон за контакт: 047 253-339, 071 291 473, електронска адреса media.domzadoencinja@yahoo.com.

Подетални информации за движните ствари (Листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со Јавниот повик–Инструкции по јавниот повик, може да се подигне лично од просториите на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ул. „Младински Бригади„ бр. 2 Битола или електронски на веб страната на Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола https://domazadoencinjabitola.mk/

Краен рок за доставување на пријавите за учество е 8 (осум) дена сметано од денот на објавата на Јавниот повик.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Комисија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

Медиа Мусли-Претседател
Мевлана Мехмед Метљику -Член
Елена Петреска- Талевска-Член